МАРГАРИТА БУЗАЛКОВСКА-АЛЕКСОВА
Филозофски факултет
Скопје

УДК 939.271 (=71) (497.17)

# ИМЕТО *SURUS* ВО СТАРОБАЛКАНСКАТА АНТРОПОНИМИЈА

Апстракт: 1. Нов епиграфски податок за името (cognomen) *Surus* од околината на Скопје. 2. Географската распространетост и расположливи хронолошки податоци за името *Surus*, *Sura* на Балканот. 3. Можни заклучоци за етимологијата на името *Surus*.

Повод за разгледување на ова име (cognomen) беше неодамна откриениот натпис на надгробна плоча од варовник од с. Побожје, Скопско, на територијата на античкиот град Scupi.

Надгробната плоча е со следниве димензии: ширина 95 cm., најголема височина 75 cm., дебелина 23 cm. Натписното поле е широко 66 cm., а висината на буквите се движи од 5,6—7 cm. На долниот и горниот крај споменикот е откршен. Текстот е напишан со убави, големи букви и лесно се чита. Се забележуваат следните лигатури: во првиот ред VA, во третиот исто така VA, во четвртиот ред IS, и во шестиот двапати VA. Исто така има и серифи. Текстот гласи:



...M. VALERIVS
SURUS VIX (IT)
AN (NIS) XXXXVII ET VA
LERIA CRISPINA
VIX (IT) AN (NIS) L H (IC) S (ITI) S (UNT)
MARC. VALERI VA (LENS) ......

Плочата со натписот здола била положена пред старата селска чешма. Кога во 196 година селото спровело водовод,

чешмата била преправена и тогаш споменикот свртен со натписот згора. Сега се наоѓа во основното училиште на с. Побожје[1].

Бидејќи самиот натпис не ни кажува ништо за името (когноменот) *Surus*, беше интересно да се види колку е распространет овој cognomen на територијата на Балканот, какви варијанти има од ова име и што би можело да значи.

Во сите балкански провинции се среќава името *Surus* со варијантите *Sura, Surio, Suril(l)io, Syrio*, Σύρος, Σύρας, Σύριλλος, Σοῦρις.

Во провинцијата *Noricum*[2] забележуваме знатен број натписи со ова име: Surus ex regione Zeugma, Schober, *Grabsteine* бр. 237 CIL III 11701, 200 н. е.

Antia Suri (filia), Hoffiller — Saria, *Antike Inschriften*, бр. 25, CIL III 5131.

Vicario Suri (liber), CIL III 5467 Valeri(ae) Surillae con., Schober, *o. c.*, бр. 273, CIL III 4856, прва половина на III век н.е. Secundino Suri f. CIL III 5383 итн.

Од провинцијата Панонија има голем број натписи во кои се спомнува *Surus*, *Sura*. Според достапната литература ги наведуваме следниве примери од *Pannonia Superior*:

Surus Luci f(ilius), CIL 3815, Hoffiller—Saria, бр. 141;
Suro f(ilio) vivo, Hoffiller—Saria, 264;
Publi l(iberta) Sura, CIL 13414, Hoffiler—Saria, бр. 410, Schober бр. 23, прва половина од I век н.е.
Macedo Suri f(ilius), CIL III 4205, Hoff.-Saria бр. 451, таму Kalinka i Swoboda 10926, Detchew[3] *p.* 471;
S]uro filio, Hoff.—Saria бр. 257, таму е цитиран Mantuani, *Carniola* NF 1912, 98 ff. Surio verecundus, Schober бр. 78, CII III 14368/21, почеток на II век н.е.
Aviti Syriac(i) et filiorum felix libert(us), SITULA 19, бр. 1145, таму Zorka Šubić, *Arheološki vestnik* 18 (1967), бр. 188 и други.

Во *Pannonia Inferior* името исто така често се среќава:
Aur.Surus Sala, CIL III 10439, Dessau 3741, L'Ann. Ep. 1974, бр. 541; 214 н.е.
Surus cum fratribus parentibus, CIL III 3687, Schober бр. 124, II век н.е.
C. Priscus C(ai) lib(ertus) Surio, CIL III 4951, Schober 312, II век н.е.
C(aius) Iu(lius) Surus b(ene) f(iciarius), CIL III 15184, Schober бр. 172, крајот на II век н.е.
<A>e[l(ius)] (S?]urus dec(urio) col(oniae) Bass(anensium), CIL III 6470, 4 CIL III 10197, SITULA 19, 1040, таму C. Torma, *AEM* 6 (1882) н. 104, С. Душаниќ,, ЖА 17 (1967), p. 202; 214 н.е.

[1] Сметам за потребно и од ова место да им ј искажам својата искрена благодарност на професорите Петар Хр. Илиевски и Борка Драгојевиќ-Јосифовска за укажаната помош.

[2] Податоци за натписите од Норик и Панонија користев од A. Schober, *Die römischen Grabsteine von Noricum und Pannonien*, Wien (1923), Viktor Hoffiller und Balduin Saria, *Antike Inschriften aus Jugoslavien*, Heft 1, Zagreb (1938), Situla 19 = Anna et Jaro Šašel, *Inscriptiones Latinae* quae in Iugoslavia inter annos MCMLX et MCMLXX repertae et editae sunt, Ljubljana (1978).

[3] D. Detchew, *Die Thrakischen Sprachreste*, Wien (1957), p. 471.

Името е документирано и во провинцијата *Dacia*[4]:
L. Senecio Suri, CIL III 14126/24, *Inscripţile* II, бр. 60, таму Tocilescu, *AEM* 19;
Aur(elius) Surus mil. coh. III Delmatarum, *Inscripţile* III, бр. 87, III век н.е.
Aur(elius) Surus mil[e]s CIL III 6267; на истиот натпис и Aurelia Surilla mater, Detchew, 471; L. Licinius Sura, *Inscriptile* II, p. 13.

Најмногу натписи со Surus има во провинцијата *Dalmatia*[5]:
Surus, Gemelli f. CIL 15013; Surus, Panenti Muteli f. CIL 2753 (9803)
Surus, Sparuci f. dom. Tribocus CIL 9816 (3614), Dessau 2505; Sura, liberta CIL 14316; M. Antonius Surus, M. f. CIL 2004;
L. Fabius Surus CIL 14780;
Surus, Pirami f. CIL III 13985, SITULA 5[6], бр. 166
Syrioni, Ti. Claudio, *SITULA* 19, 740, I 2.

Горниве натписи потекнуваат од ранопринципатскиот период, а следниве се датирани во II—III век н.е.:
P. Papirius Surus CIL 14823; Aurelius Surus CIL 8475;
Surus, Victoris (f). mil. coh. I mil. (Delmatarum) CIL 14700
L. Valerius Surus GZMZ 12 (1957), p. 116 f. III s., Duje R. - Miočević *o. c. p.* 46.
Sura conservo piissimo CIL 2315 (8620); Annea Sura CIL 1842; M. Aurelius Surilio, *SITULA* 19, бр. 858 и др.

Во провинција *Moesia Superior*[7] името е документирано во следниве натписи:
Secundino et Ianuario et Suro filis, Detchew 471, CIL III 14584
M. Aurelius Surus R(emesiana?), CIL III, 14507
Aur(elius) Surus, син на Aurelius Augustinus CIL 10443
Surio, CIL III 14552; Aur(elia) Surilla coniunx marito III s.
Q. Sollius Surus, Керамитчиев, *ЖА* 13—14 (1964), 145 ff., *IMS* VI, бр. 145 s. од с. Побожје, Скопско, од каде што е и нашиот споменик.
Ti. Surus et pro/genio Dol(i)cen(i), Vulić, *Spomenik* 71 (1931) бр. 322.
Surus, Vulić, Spomenik 71, бр. 528, *IMS* VI, бр. 74

Провинција *Moesia Inferior*[8];
L. Aurelius Surus bul. civitatis, CIL III 12422
Surus, CIL III 7453 = 6130, Димитров, о. с., бр. 24, III век н. е.

---

[4] Натписите од provincia Dacia се од *Inscripţile Daciei Române* II, Florescu-Petolescu, Bucureşti (1975) i *Inscripţile Daciei Române* III Russu, — M. Dušanić-Gudea-Wollmann, Bucureşti (1977).

[5] Alföldy, *Die Personennamen in der römischen Provinc Dalmatia,* Heidelberg (1969) i Duje Redić-Miočević, *Ilirska onomastika na latinskim natpisima Dalmacije,* Split (1948).

[6] SITULA 5 = Anna et Jaro Šašel, *Inscriptiones Latinae quae in Iugoslavia inter annos MCMXL et MCMLX repertae et editae sunt,* Ljubljana (1963).

[7] Sp. Detchew, *o. c.,* p. 471; Borka Dragojević — Josifovska, *Inscriptions de la Mésie Supérieure,* Vol. VI, Scupi et la région de Kumanovo, Beograd 1982; A. Móczy, *Untersuchungen zur Geschichte der römischen Provinz Moesia Superior,* Acta Archaeologica Akademiae scientiarum Hungaricae, Budapest (1959).

[8] Димитров, *Надгробните плочи отъ римско време въ Северна България,* София (1942), G. Mihajlov, *Inscriptiones Graecae in Bulgaria repertae,* III,2 (1964), Detchew, o. c. 471.

C. Fuscinus Surus, CIL III 12473, Detchew, o. c. 471
Aurelia Sura, Димитров, o.c. бр. 40, почеток на IV век н. е.

Во провинција *Macedonia*[9] името е исто така фреквентно:
Secundinus Surae conservae, L'Année. Epigr. (1966), бр. 405
Sura sorori Billene, L'Année epigraphique (1966), бр. 407
Σύρος 'Αλεξάνδρου Vulić, Spom. 71 (1931), br. 49
Σύρος βαβτα Detchew, 471, BSA 18, 1911—12, 152, 12
Σύρα 'Ασ[κ]ληπίωνι τῷ ἰδίῳ Dimitsa, 444, Dittenberger, бр. 243
Tetes Syras a Macianopre, CIL VI, 36764 кај Detchew 471 и бр.

Примери од провинција *Thracia*[10]:
Aurelio Suro, L'Année. Ep. 1976, p. 642, таму и
Suria[ Septimius Vibianus Σοῦρις Αὐλουζένεος $1690_b$ 68,202 н.е.
Σοῦρις Δολήους Παντᾶς σὺν ἀδελφῷ $1690_c$ 18-19 и
Σοῦρις βρινκαζέρεος σὺν ἀδελφῷ $1690_b$ 70, Mihailov III, p, 249
'Ασκληπίῳ / Δίνις Σύρου εὐχήν 1190;
Σύρος 'Ερμογένη / Εὐταξία Σύρου SEG XXIV, бр. 669;
Αὐρ. Σαβεῖνος Θειοφίλου / Σύρος ἱερεὺς καὶ / ὑνέμπορος τῆς Δακίας SEG (1929), III-2, бр. 537;
Од онаа литература што ни беше достапна за натписите од *Attica*[11] ги наведуваме следниве примери:
"Απρα Σύρα Dittenberger, 2193; Σταγόνιον / Σύρα Ditt. 2920;
Σύριλλος Ταρσεύς Ditt. 2935

Од сите приведени примери може да се види дека името *Surus* е доста распространето на Балканот, покрај тоа што овој cognomen е раширен и на територијата на Италија, на пр. M. Petronius Sura Mamertinus, L. Licinius Sura, Sura mater итн., потоа M. Magi. Min. f. Surus, Dessau 5318, почеток на III век н.е.; Menti bonae d. d. Surus Tettieni c. s., Dessau 3818, d.m. Suro Amici, Dessau 7162[12]; Африка, T. Flavius Surus, Dessau 9098, 9100; Франција, на пр. Titus Mascilus Surus, L'Ann. Ep. 1974 итн.

Бидејќи *Surus* е многу фреквентно име и се јавува на илирско, келтско[12a] римско, тракиско подрачје, има различни мислења за тоа од каде потекнува името и какво значење има.

Многу научници истакнуваат дека *Surus* е прекар според етникот, т.е. дека се однесува на луѓе кои се по потекло од Сирија[13].

[9] Cf. L'Année epigraphique (1966), 405, i 407; ΔΗΜΗΤΣΑΣ, Η ΜΑΚΕ-ΔΟΝΙΑ ΕΝ ΛΙΘΟΙΣ ΦΘΕΓΓΟΜΕΝΟΙΣ ΚΑΙ ΜΝΗΜΕΙΟΙΣ ΣΩΖΟΜΕΝΟΙΣ ΑΘΗΝΗΣΙΝ (1896); *Inscriptiones Graecae* Epiri, Macedoniae, Thraciae, Scythiae' Pars II, Inscriptiones Macedoniae, ed. G. Dittenberger, Berolini MCMLXXV.

[10] Mihailov, o. c. s. v.

[11] G. Dittenberger, *Inscriptiones Atticae aetatis Romanae*, Berolin. MDCCCLXXVIII.

[12] H. Dessau, ILS=*Inscriptiones Latinae Selectae*, Berolini, MCMLV;

[12a] A. Holder, *Alt-celtischer Sprachschatz I-III*, Leipzig (1894—1916) s.v.

[13] v. A. Mayer, *Die Sprache der alten Illyrier*, Band I, Wien (1957), p. 326 Preisigke, *Namenbuch*, s. v. Σύρος, Ф. Папазоглу, *Дардонска ономастика*, Зборник Филозофског факултета, кн. VIII, 1. Београд (1964), p. 63, ad n. 54.

Ова мислење е поткрепено со многу показатели. Така на пр., онаму каде што лицето го носи името Surus, Sura, а покрај него стои servus, libertus, секако дека би мислеле за роб доведен од Сирија[14]. Исто така, ако покрај името стои име на местото што се наоѓа на територијата на Сирија, јасно е дека тоа лице потекнува оттаму. На пр. Σύρος 'Εμεσηνὸς ὁ καὶ Νεικοπολείτης, L'Ann. Ép. (1965), бр. 126.Онаму каде што има податоци за семејното потекло на некои лица, може да се заклучи од каде потекнува лицето-на пр. натписот од Призрен: Heracli Ti. Surus et progenio Dol(i)-cen(i). Така, Милена Душаниќ[15] упатува на едно сурово семејство Doliha од источните провинции.

Меѓутоа, има повеќе натписи кои покажуваат потекло на *Surus* и од други места, како M. Aurelius Bitho eq. sing. ... nat. Thrax. M. Aurelius Surus frater.... CIL 6,3195 или M. Aur. M. f. Ul. Surus Serdi, CIL, 6,3201; Detchew, o. c. 471, Licinius Sura Is-span..., Hoffiler—Saria, br. 557, Surus Sparuci f. dom. Tribocus, Dessau 2505 итн.

Мислењето дека Surus, Sura е латински когномен има исто така свое оправдување: *surus* на латински значи „кол, колец" *sura* „прасенце од ногата"[16],а примери на cognomina во латинскиот, кои се однесуваат на делови од телото[17] има многу: Auricula, Barba, Crus, Talus и др. Може да се претпостави и дека лицата кои биле на фукнции во состав на римската империја би можеле да ги земаат имињата од угледните Римјани заради поголема афирмација во општеството.

Исто така се смета дека Surus е од тракиско потекло[18], при што тракиското Surus, Σύρος Σοῦρις би укажувало на една индоевропска основа **k'uro-s* skt. *śura*,[19] авест. *sūra*, со значење „силен, смел, херој".

Заради тоа што етничкиот состав на Балканот бил разновиден, како и заради тоа шта името се сретнува на територијата на Римјаните, Илирите, Келтите, источните римски провинции. Многу поверојатно е да се претпостави, дека всушност се

[14] На постарите грчки натписи, сп. V. Koehler, *Inscriptiones Atticae aetatis quae est inter Euclidis annum et Augusti tempora, Berolini* MDCCC LXXXIII, името се спомнува со јасни показатели дека се работи за роб, на пр. Σύρος 'Αλωπεκῆσι οἰκῶν, Add. 843.6115 Σύρος 'Αμύντου, 959c16. а така е и кај Plaut, cf. Gonzales Lodge *Lexicon Plavtinvm* Hildesheim (1962) s. v. Surus = Syrus. Но имајќи предвид дека овде се работи за натписи од поново време, би било проблематично да се ограничиме на ова мислење за потеклото на името.

[15] В. Милена Душанић, *ЖА* 33, 1 (1983), стр. 30-31, n. 25.

[16] Ernout — Meillet, *DELL*; s. v. surus, sura.

[17] Iiro Kajanto, *The Latin Cognomina* Helsinki (1965) pp. 63,226.

[18] Сп. В. Георгиев, *Тракийският език*, София (1957), p. 63, кој дава и сложенки со ова име: Ζι-συρας, Δι-συρος, Σουρα-τραλις, Συρο-τέρης и др. i D. Detchew, *Charakteristik der Thrakischen Sprache*, (1952) s. v.

[19] M. Mayrhofer, *Kurzgefasstes etymologisches Wörterbuch der Altindischen* 22, Heidelberg (1970), s.v.; WP 592; H. Frisk, *GEW*, s.v. κύριος < * κῦρ-ος : ἄκυρος и κύαρ, lat. *caverna*.

работи за хомонимија. Имињата од најразновидно потекло се слеале во една графија. Машкиот латински cognomen Sura се слеал со женското име Sura кое можело да значи и Сирijка, тракиското Surus, Σύρος со латинското Surus и Surus = Syrus[20].

Така, не би можело да се каже дека за потеклото на името Surus конкурираат Келтите, Венето—Илирите, Тракијците, како што вели Schulze, *Zur Geschichte Lateinischer Eigennamen*, p. 43, adn. 3 или Сиријците, сп. A. Mayer, *Die Sprache der alten Illyrier*, 326, ами дека тоа име во периодот од I-IV век н. е. се стопило во една графија и се проширило како на Балканот, така и низ целата римска империја.

Во групата на имиња (cognomina) *Surus*, *Sura*, *Surio*, Σύρος, Σύρας го приклучуваме и *M. Valerius Surus* од с. Побожје. Во 1958 година е откриена гробница во ова исто село во месноста Зајкино, сп. А. Керамитчиев, ЖА 13-14 143-148, со два натписа. На едниот се спомнува Q. Sollius Surus, кој што му подига споменик на својот покоен внук Q. Sollius Primus. Има и еден *Surus* од с. Арачиново, сп. Вулиќ, Споменик 71 (1931), бр. 528, в. стр. 3.

На мала територија во Скопска Црна Гора зе познати три лица со конгноменот *Surus*, што зборува за големата фреквентност на името во областа на *Scupi*, на подрачјето на Дарданија.


## SUMMARY

*Margarita Buzalkovska—Aleksova:* THE NAME *SURUS* IN THE ANCIENT BALKAN ANTHROPONYMY

The reason for our research of the name *Surus*, which usually appears on the inscriptions as a *cognomen*, is due to a newly-discovered calcite tombstone at the village of Pobožje, in the territory of the ancient colonia *Scupi*.

The survey of the geographical spread of this *cognomen* shows its great frequency on the Balkans. This name appears in several variants as: *Sura*, *Surilla*, *Surio*, *Syrio*, *Surillio*, Σύρος, Σύρας, Σοῦρις etc.

There are several different suggestions about the origin and meaning of the name *Surus*, *Sura*. The data from the geographical distribution and frequency of the name give us reason to consider it as Celtic, but it can also be Anatolian, Thracian, Latin, etc. The name *Surus* of various origins could easily appear on the Balkan Peninsula, where great mixture of different ethnic communities and languages existed from remote times. The sound similarity, and in some cases homonymy of its variants, contributed to a syncretism in a common Balkan name *Surus*, *Sura*, which became especially frequent during the Roman period from the 1*st* to 4*th* centuries A. D.


[20] S. Sanie, Acta Musei Napocensis, X, (1973), pp. 166—7, обидувајќи се да навлезе во источничкото потекло на Surus не може да го оправда потеклото на името, бидејќи има едно шаренило на значења SIR. итн. исто така тој го SWR(murus), SHR(Nigrinum esse) итн.; Zgusta, *Kleinasiatische Personennamen*, Prag (1964), II, 1462, adn, 125: : Aber Σουρίνας οἰκόνομος, SEG 7, 721 (*Piš*) ist =lat. *Surinas*; исто така тој го смета Αὐρ. Σούριος = lat. *Surius* инн.